# Мојсеј

## Законодавецот


Оригинален текст: Џуди Фондрен
Адаптација за Европа: Лорна Варвик


ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.


Text published by: European CEF
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck
Switzerland



Copyright © 1995, 2000
by Child Evangelism Fellowship Inc
Сите права придржани. Преведено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба. За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

# Содржина


| **Лекција** | | **Страна** |
|---|---|---|
| Вовед | | 3 |
| Прва лекција | Бог зборува на Синај | 4 |
| Втора лекција | Идолопоклонството на луѓето | 9 |
| Трета лекција | Истражување на новата земја | 14 |
| Четврта лекција | Мојсеј греши против Бог | 20 |
| Петта лекција | Бакарна змија | 24 |
| Шеста лекција | Мојсеј и преобразбата | 30 |
| Примероци за дополнителни слики | | 35–36 |

# Вовед

## Поучување на Библиски вистини

Не ја исполнуваме нашата одговорност како учители ако само им кажуваме на децата библиски стории. Важно е децата да ги учат вистините за кои се напишани овие лекции, за да нè поучат; и ние потоа фаќаме чекор подалеку за да покажеме што значи таа вистина за нив во нивните секојдневни животи. Се разбира, ние не можеме во една лекција да го покриеме сето поучување што секоја одделна сторија може да го даде; така, за секоја од овие лекции е избрана по една централна вистина. Поучувањето на централната вистина е проткаено низ раскажувањето, но за да ви помогне во вашата подготовка пасусите за поучување се означени со **ЦВ**. Тие се исто така обележани во планот на лекцијата. Ќе забележите дека централните вистини се обележани со **НС** и **С** за да покажат за кој вид деца се применуваат - неспасени или спасени. Ова е, исто така, јасно нагласено во текстот со користење на фразата како оваа "Ако не веруваш во Господ Исус дека може да го прости твојот грев" или "Ти како христијанин ...". Примената на вистината е нагласена со затемнати букви. Можеби чувствуваш дека е потребно да ги сообразиш примените подобро да им одговараат на децата што ги поучуваш. Важно е Божјото Слово да е применливо за нивните животи.

## Стави се себеси на располагање (ССР)

Кога ја изложуваш пораката на Евангелието, ќе има деца кои самостојно ќе одговорат на неа. Тие можеби ќе ти кажат, или нема да ти кажат, дека неодамна поверувале во Господ Исус Христос како во свој Спасител. Сепак, ќе има и такви кои ќе побараат помош. Можеби ќе поставуваат прашања; можеби ќе им треба помош или охрабрување за да знаат што да кажат. Додека ги поучуваш спасените деца, исто така, ќе има моменти кога тие ќе бараат совет за некоја потешкотија; можеби ќе им е потребно појаснување за тоа како одделна лекција се применува во нивниот секојдневен живот; можеби ќе се најдат во ситуација каде што не знаат што вели Библијата за тоа што треба да направат; можеби ќе сакаат да споделат некоја потешкотија за да се молите за нив, особено ако сте им единствената христијанска поткрепа што тие ја имаат.

Поради овие причини неопходно е децата да знаат дека вие сте им на располагање за разговор. Исто така потребно е тие да знаат кога и каде да одат. Најпосле, важно е за неспасените деца да не го помешаат доаѓањето кај Господ Исус со доаѓањето кај вас.

## *Пример за ССР за неспасеното дете*

"Дали навистина сакаш да живееш за Господ Исус, но не знаеш како да дојдеш кај Него? Ќе бидам радостен да ти го објаснам тоа од Библијата; дојди, ќе се видиме. Ќе стојам крај дрвото кога ќе заврши состанокот. Запомни, јас не можам да ти го одземам твојот грев. Само Господ Исус може да го направи тоа, но мене ќе ми биде мило да ти помогнам подобро да разбереш како можеш ти да дојдеш кај Него. Само дојди и седни со мене под дрвото."

## *Пример за ССР за спасено дете*

"Ако си поверувал во Господ Исус како твој Спасител и никогаш не си ми кажал за тоа, те молам кажи ми. Јас ќе седам крај клавирот откако ќе заврши состанокот. Јас би сакал да знам дали и вие исто така сте поверувале во Господ Исус како ваш Господ и Спасител, за да се молам за вас и можеби да ви помогнам."

## Стихови за учење напамет

Стих од Писмото за поучување на децата е предложен за секоја лекција. Ако ги поучуваш лекциите како серија од шест недели, препорачливо би било да избереш два или три стиха што добро ќе ги поучуваш, кои децата потоа ќе ги запомнат.

## Прашања за повторување

Обезбедени се и прашања за повторување. Времето за повторување, ако се одржува на еден уреден начин, може да биде една идеална можност да се зацврсти она што си го поучувал, а сепак да биде забавно за децата. Честопати ќе откриваш недоразбирање или празнина во нивното знаење коишто ти ќе можеш да ги исправиш таму и тогаш.

## Прва лекција
Бог зборува на Синај

### *Предлози за учителите*

1. Направи го воведот погоден за твојата ситуација. Можеш да зборуваш за Претседателот или за Премиерот, итн.
2. Биди подготвен да ги охрабриш децата и самите да ја читаат Библијата. Можеш да направиш ливчиња со едноставни библиски референци. Можеби ќе треба да обезбедиш делови од Писмото за оние што немаат Библии. Охрабри ги децата да го споделат со тебе она што го учат од Божјото Слово. На пример, ако ја користиш илустрираната тема "Вера е верувањето во она што Бог вели дека ќе го направи" (CEF Press), прашај дали некој пронашол ветување од Бог, додека ја проучувал Библијата дома. Биди природен во започнувањето на програмата што ја водиш за да го извлечеш од децата она што го учеле.

### Библиски текст

Излез 17:1-7
Излез 19:1-20:26

### Централна вистина

Бог зборувал.

### Примена

| | |
|---|---|
| За неспасени деца: | Внимавај што вели Бог. Сврти се кон Господ Исус Христос. |
| За спасени деца: | Внимавај на Божјото Слово. Слушај го она што Тој ти го кажува. Биди послушен. |

### Визуелни помагала

- Фигури МЛ 1-16
- Фланелна заднина од планината Синај која се издига одназад
- Карпа од дополнителните слики
- Вода од дополнителните слики
- Облак од дополнителните слики

### Стих за учење напамет

"Твоето Слово е вистината" (Јован 17:17б).

### *Преглед на лекцијата*

### Вовед

Кралицата зборува со Сара.

### Развој на настаните

1. Израелците го чекаат Царот над царевите да им зборува. ЦВН
2. Израелците се влогоруваат кај Рафидим.
3. Луѓето се жалат бидејќи немаат вода.
4. Бог обезбедува за Својот народ. ЦВС-ЦВН
5. Израелците го поставуваат логорот крај Синај.
6. Бог му зборува на Мојсеј на планината Синај.
7. Мојсеј ги носи Божјите зборови до луѓето. ЦВС-ЦВН
8. Израелците се подготвуваат за Божјото доаѓање на планинатаСинај, за да им зборува ЦВС-ЦВН

### Кулминација

Бог зборува. ЦВС-ЦВН

### Заклучок

"Господе, ти благодарам што ми зборуваш преку Твоето Слово, Библијата.Помогни ми да сум послушен."
Запомни, Божјото Слово е вистината.

### *Лекција*

Сара успеа да се пробие во предниот ред. Таа беше најмала во одделението, така што никој не ѝ забележа.

Беше прекрасно. Кралицата го посетуваше нивниот град и училиштето каде што учеше Сара. Учениците беа одведени да видат како таа отвораше една нова зграда.

"Се прашувам дали таа ќе ни мавне со раката?" Сара беше многу возбудена. Таа често ја гледаше кралицата на телевизија, но сега таа, всушност, беше во нивниот град. Се создаде голема веселба кога кралската кола пристигна и кралицата зачекори. Таа погледна накај Сара и нејзините другарчиња. Дали ќе им мавне со раката? Не! Таа почна да оди накај

нив - Сара не можеше да поверува во тоа - и кога кралицата застана до неа и ѝ прозборе на Сара, тоа беше како во сон!

Сара беше центарот на вниманието следните неколку дена. Таа беше интервјуирана на локалната радио станица, нејзината фотографија беше во весникот, и сите сакаа да знаат, "Што ти кажа кралицата?" Тоа беше еден настан за Сара што никогаш нема да го заборави.

Луѓето од Израел чекале еден цар да дојде за да им зборува. Не цар на некоја земја или империја, туку Царот кој владее над сите цареви, царици, претседатели и водачи, Господ Исус.

Наместо звук на коли или хеликоптери, се појавиле трештења на громови и секања на молњи . Звукот на труба одекнувал гласно од стрмните карпи на планината. Израелците биле преплашени.



*Постави ги фигурите МЛ2-4 ( Израелците)*

Тоа беше оној Господ кој го натерал фараонот, Царот на Египет да го ослободи народот. Тоа беше оној Господ кој го отворил Црвеното Море за да може народот да помине низ сува земја. Оној кој беше помоќен од секој друг, требаше да зборува со нив. Имале право да бидат уплашени.

*ЦВН* Денес Бог ни зборува преку Неговото Слово, Библијата. Бог не се променил. Неговата моќ не се намалила, сепак има толку многу луѓе што не обрнуваат внимание на она што Тој го кажува. Тие немаат страв. Наместо тоа тие се подбиваат со Бог, го користат Неговото име кога се колнат, велат дека Библијата е старомодна и дека нема место во нивните живо ти! Дали си ти како нив?

*ССР* Или дали сакаш да знаеш што има Бог да ти каже, но има многу работи што не разбираш! Јас ќе бидам во предниот дел од собата на крајот од часот во клубот Добра Вест. Ти можеш да ги донесеш твоите прашања и јас ќе се обидам да ти ги одговорам од Библијата.

Откако заминале од Египет, Бог ги водел Израелците низ пустината со еден облак, што претставувал чудо. Преку денот бил облакот, а во ноќите, огнен столб.

Додека патувале низ пустината, Господ ги снабдувал со сè што им требало. Од каде доаѓала нивната храна? А од каде пак водата?

*Дозволи им на децата да одговорат.*



*Додај ја фигурата МЛ1 (Мојсеј)*

Кога тие се залогориле кај Рафидим, луѓето биле жедни. Немало вода, па што направиле тие?

"Дали нè изведе од Египет за да нè убиеш со тоа што сме жедни за вода?" тие се побуниле.

Мојсеј му се обратил на Господ, "Што да правам со овие луѓе? Тие се подготвени да ме каменуваат до смрт."



*Нова сцена, постави ги фигурите МЛ5 и МЛ3 (Мојсеј и Израелците) и карпата од дополнителните слики.*

Бог одговорил, "Оди кај карпата наречена Хорив и Јас ќе ти покажам. Удри по карпата со твојот стап. Вода ќе потече од карпата за народот да се напие."



*Додај ја водата од дополнителните слики.*

Штом Мојсеј го послушал Бог, вода потекла од карпата како голем, брз поток. Луѓето ја добиле сета вода што им била потребна.

Замислете колку многу храна и вода би користеле два милиони луѓе! Бог никогаш не ги изневерил да им обезбеди, иако тие често го изневеруле да Му веруваат. Сега Бог Кој толку многу се грижел за овие луѓе требало да им зборува ним.

*ЦВСН* Дали сфаќате дека секоја добра работа што доаѓа во вашиот живот е од Бог? Можеш ли само да сфатиш колку многу Тој се грижи за тебе, штом го дал Својот возљубен Син, Господ Исус Христос да умре за тебе? Сигурно би сакал да чуеш што Тој има да ти каже. Сигурно сакаш да Му бидеш послушен.

Израелците чекале да го слушнат Бог да им зборува. Тие биле залогорени во најдолгиот и најширокиот дел од пустинската долина, а пред нив била планината Синај, највисоката од сите планини во пустината.



*Постави ги фигурите МЛ1–4 (Мојсеј и народот на планината Синај).*

Во мислите Мојсеј сигурно бил полн со сеќавања од планината Синај.

*Имај за цел да извлечеш одговори од децата.*

Дали се сеќаваш што се случило кога Мојсеј ги пасел на планината овците на дедо му?

*Охрабри ги децата да одговорат.*

(Бог му зборувал нему од грмушката што горела.)



*Замени ја фигурата МЛ1 со МЛ6 ( Мојсеј).*

Ајде да го прочитаме ветувањето кое Бог тогаш му го дал на Мојсеј (Излез 3:12).

". . . Кога ќе го изведеш народот Мој од Египет, помолете Му се на Бога на оваа планина."

Тоа е токму она што се случило. Израелците се залогориле пред Синај, а Мојсеј се искачил на планината. Господ повикал кон него од планината, "Кажи му на народот, 'Вие видовте што им направив на Египќаните и како ве изведов надвор од Египет. Бидете Ми послушни и ќе бидете Мој сопствен народ '."

*Замени ја фигурата МЛ6 со МЛ1.*

Мојсеј ја пренесол пораката до водачите и до сите луѓе дека тие требало да Му бидат послушни на Бог. Тие одговориле, "Ќе правиме сè што кажа Господ."

Тогаш Мојсеј се вратил на планината и Му Го пренесол на Бог она што народот го кажал. Бог му рекол, "За три дена Јас ќе дојдам при тебе во густ облак на планината Синај. Народот ќе Ме чуе кога ќе ти зборувам и така ќе ти верува. Постави меѓа околу планината за луѓето да не преминат низ неа обидувајќи се да Ме видат."

Така луѓето од Израел чекале.

Што сè минувало низ нивните мисли?

*Дискутирај.*

. . . Страв?
. . . Зачудување?
. . . Возбуда?

Ако ти си бил таму, како би се чувствувал?

*Дискутирај.*

*ЦВСН* Сфаќаш ли дека Бог и денес им зборува на луѓето? Можеби не на начин на кој му зборувал на Мојсеј или пак на Израелците, но

сето она што тие го слушнале е запишано во Библијата.Тоа е повеќе од историска книга, ова е живото и вечно Божјо Слово. Овие зборови се и за тебе денес. Бог не се изменил.Тој ни зборува мене и тебе преку Неговото пишано Слово.

За време на трите дена додека чекале Господ да дојде на планината Синај, луѓето требало да се подготвуваат себеси онака како што Бог наредил.

*ЦВСН* Дали си подготвен Бог да ти зборува? Кога самиот го читаш Божјото Слово, или слушаш некој кој те поучува од Библијата, дали си велиш во своето срце, "Господе, Те молам покажи ми што ми кажува Твоето Слово?"

Дали си велиш, "Жал ми е за работите што сум ги направил кои не ти се угодни?"

Дали си мислиш, "Господе, јас не можам да поверувам дека Ти, кој си толку голем, би ми зборувал, но јас сакам да слушам и разбирам?"

Што ќе ти каже Бог преку Неговото Слово? Ако не си христијанин ќе откриеш во Библијата како можеш да дојдеш кај Господ Исус Христос и поради Неговата смрт и воскресение да најдеш простување и нов живот.

Ако си христијанин, Бог ќе ти зборува преку Неговото Слово, ќе ти покаже како да живееш за да Му угодиш, водејќи те низ животот.

Што ќе му каже Бог на израелскиот народ?



*Додај го облакот од дополнителните слики.*

Планината Синај била покриена со дим, бидејќи Господ слегол на неа во оган. Целата планина се тресела силно. Звукот на трубата станувал сè посилен и посилен!

Слушни ги Божјите зборови . . .

*Прочитај ги заповедите бавно и јасно. Не давај коментар за нив во овој момент.*

1. Немој да имаш други богови освен Мене.
2. Немој да си правиш врезан лик.
3. Не изговарај го напразно името на Господ, твојот Бог.
4. Помни го саботниот ден, за да го осветуваш.
5. Почитувај ги твојот татко и твојата мајка.
6. Не убивај.
7. Не прељубодејствувај.
8. Не кради.
9. Не сведочи лажно.
10. Не посакувај туѓо.



*Реди ги визуелните заповеди (фигури МЛ7–МЛ16) како што секоја од нив е именувана.*

Бог зборувал. Неговиот народ го слушнал Неговиот Закон.

Во минатото Бог им зборувал некогаш и директно на луѓето (како што тоа го направил на планината Синај), а почесто преку човек кој Тој го избирал, како Мојсеј. Сè што Тој кажал за тебе е овде во Неговото Слово, Библијата.

*ЦВСН* Мислите ли дека некои од Израелците останале во своите шатори тој ден, мислејќи си, "Нема да се мачам да одам да чујам што Бог кажува денес - можеби друг пат"? Се разбира не, никој не би се осмелил!

Бог зборуваше. Ти ги слушна Неговите зборови. Што ќе на-

правиш? Момчиња и девојчиња кои сте христијани, се молам вие да кажете, "Господе, Ти благодарам што ми зборуваше денес преку Твоето Слово, Библијата. Помогни ми да сум послушен."

Ако не си христијанин, ќе кажеш ли, "Ти благодарам, Господе, што ми зборуваш и ми покажуваш дека ми треба Господ Исус за мој Спасител. Сакам да дојдам кај Него денес."

Запомни, Божјото Слово е вистина. ( Јован 17:17б).

## *Повторување*

1. Зошто треба да обрнеш внимание на она што Бог го вели? (Бог нѐ создаде; Тој е семоќен; Тој нѐ љуби.)
2. Дај два примера за тоа како Израелците ја виделе Божјата сила додека патувале низ пустината? (столб од дим и оган, отворањето на Црвеното Море; итн.)
3. Како Бог му покажал на Својот народ дека се грижи за него? (Снабдување со храна и вода.)
4. Каде рекол Бог дека ќе дојде и ќе му зборува на израелскиот народ? (Планината Синај.)
5. Како луѓето ја виделе Божјата моќ од планината? (Бог зборувал од оган и дим, што можело да се види на планината.)
6. Што им кажал Бог на Израелците? (Тој им ги дал десетте заповеди.)
7. Како можеме да дознаеме што сака Бог да ни каже нам? (Од Библијата.)
8. Како сме ја добиле Библијата? (Бог им зборувал на луѓе како Мојсеј и им кажувал што да запишат.)
9. Колкав дел од Библијата е вистинит? (Цела.)
10. Зошто треба да обрнеш внимание на една книга која е напишана многу одамна? (Бог не се изменил.)

## Втора лекција
## Идолопоклонството на народот

### Библиски текст

Излез 24:12-18
Излез 31:18
Излез 32
Излез 34

### Централна Вистина

Сите му станале непослушни на Божјото Слово.

### Примена

| | |
|---|---|
| За неспасени деца | Ти ја заслужуваш Божјата казна за твојот грев. Мораш да се свртиш кон Господ Исус Христос за да се спасиш. |
| За спасени деца | Бог мора да има прво место во твојот живот. |

### Визуелни помагала

- Визуелните десет заповеди (фигури МЛ7-16)
- Фигури МЛ2-3, МЛ6, МЛ17, МЛ19-26 и МЛ28
- Планината Синај фланелна заднина
- Облак од дополнителните слики

### Стих за учење напамет

"Зашто сите згрешија и им недостасува Божјата слава" (Римјаните 3:23).

## *Преглед на лекцијата*

### Вовед

Семоќниот Бог му зборувал на израелскиот народ на планината Синај.

### Развој на настаните

1. Бог го повикува Мојсеј на планината Синај за да ги прими камените плочи. ЦВСН
2. Мојсеј поминува четириесет дена и четириесет ноќи на планината со Господ.
3. Луѓето бараат Мојсеј да се врати. Тие го молат Арон да им направи бог. ЦВСН (ССР)
4. Арон прави златно теле. ЦВН
5. "Погледнете! Ова е нашиот бог кој нè изведе од Египет." ЦВН
6. Арон гради жртвеник. ЦВС
7. Бог му кажува на Мојсеј што се случува во логорот на Израелците и вели дека Тој ќе го уништи народот. ЦВН
8. Мојсеј се застапува за Израелците. ЦВН
9. Мојсеј се враќа во логорот.
10. Тој ги здробува камените плочи.

### Кулминација

Мојсеј се соочува со Арон. ЦВН

### Заклучок

Народот е поштеден, но многумина умираат. "Сите згрешија ..." "Платата за грев е смрт..." Што ќе направиш?

## *Лекција*

Семоќниот Бог му зборувал на израелскиот народ на планината Синај. Какво доживување! Колку застрашувачки, а сепак колку прекрасно морало да биде да се чуе Божјиот глас. Сега Тој му кажал на Мојсеј, "Искачи се на планината и ќе ти дадам две камени плочи на кои ги запишав Десетте заповеди. Нив можеш да ги користиш за да го поучуваш народот."

Кој се сеќава на овие заповеди?

*Поставувај ги заповедите (фигури МЛ7–МЛ16) на табла додека децата одговараат.*

ЦВСН Бог заповедите им ги дал на луѓето од Израел. Бог нив ги дава и за тебе денес. Запомни, Бог не се изменил, Неговите стандарди се секогаш исти. Тие никогаш нема да застарат или да станат старомодни.

Мојсеј и неговиот помошник Јошуа се искачиле на планината. Јошуа чекал додека Мојсеј се искачил повисоко.



*Отстрани ги заповедите. Додај го облакот од дополнителните слики. Придвижи ги фигурите МЛ6 и МЛ19 (Мојсеј и Јошуа) повисоко на планината, потоа отстрани ги.*

Облак ја покрил планината за шест дена. На седмиот ден Израелците виделе облак кој изгледал како оган да гори во него. Одеднаш Бог го повикал Мојсеј од облакот!

Четириесет дена и четириесет ноќи Мојсеј бил со Бог! Колку посебно тоа морало да биде за Мојсеј! За тоа време Бог му дал на Мојсеј инструкции за изградба на еден посебен шатор што ќе им биде како црква, наречен светилиште.

Пред Мојсеј да си замине од планината, Бог му дал две големи камени плочи на кои Тој ги напишал Десетте заповеди.Библијата ни кажува дека биле "напишани со Божјиот прст" (Излез 31:18).

Кога Мојсеј бил на планината, што се случувало во логорот на Израелците? Од ден на ден луѓето го барале Мојсеј, но тој сè уште се немал вратено назад. Луѓето можеби се прашувале, "да не умрел Мојсеј на планината?"



*Постави ги фигурите МЛ2 и МЛ3 (Израелците).*

Овие биле луѓето кои многу ја беа искусиле Божјата моќ и Неговата љубов. Всушност Господ Исус им зборувал, сепак тие отишле кај Арон. Слушнете што рекле луѓето:



*Додај ја фигурата МЛ20 ( Арон ).*

*Прочитај Излез 32:1.*

"... Стани! Направи ни бог, па нека оди тој пред нас! Не знаеме што се случи со тој човек Мојсеј, кој нè изведе од египетската земја."

Колку бргу тие заборавиле на заповедите кои самиот Господ им ги кажал! Што вели првата заповед? ("Немој да имаш други богови освен Мене.") Што вели втората заповед? ("Немој да си правиш врезан лик.")

Тие требало да го прекршат Божјиот закон. Дали знаеш како Библијата го нарекува тоа? (Грев.)

*ЦВСН* Дали си велиш, "Како можеле да го направат тоа?" Погледни ги внимателно заповедите. Што кажува шестата? "Не убивај." Знаеш ли дека Господ Исус рекол, ако си по мислиш во срцето дека мра зиш некого, ти си ја прекршил шестата заповед, си направил грев. Си помислил ли?

Што вели деветтата заповед? "Не сведочи лажно." Тоа значи да не лажеш.

Мајка му му повикна на Ивана, "Побрзај, Иване, ќе задоцниш за на училиште." "Доаѓам мамо, за една минутка." Вистина ли беше тоа? Не!Иван беше сè уште замотан во креветот. Тоа беше најмалку 15 минути пред тој да дојде на масата за појадок.

"Ги подготви ли домашните работи? "Не грижи се, мамо, сè е завршено," одговори Иван. Не беше! Иван планираше да ги препише од своите другарчиња по патот за на училиште, во автобусот.

*ССР* Познаваш ли некој како Иван кој не е послушен на Божја заповед? Дали си тоа ти? Си мислиш ли,

"Да, но не сакам да сум таков. Сакам да се променам! Што треба да направам?" Слушни ја внимателно библиската лекција. Ако имаш прашања на крајот, те молам дојди да разговараш со мене. Седни на некое столче напред и јас ќе знам дека сакаш да зборуваш со мене. Ќе ти покажам од Библијата како можеш да се свртиш од с в о - јот грев кон Господ Исус Христос. Ако сите вие внимателно и искрено размислите за Десетте заповеди ќе знаете дека сте прекршиле многу од нив. Всушност Библијата ни вели во Римјаните 3:23, "Зашто сите згрешија и им недостасува Божјата слава." Сите го прекршиле Божјиот Закон, исто како и луѓето од Израел.

Сигурно Арон би му покажал на народот дека нивниот план бил многу погрешен и бил против Божјото Слово.

Арон рекол, "Извадете ги златните обетки и донесете ми ги."

*Заменете ја фигурата МЛ20 со МЛ21 (Арон).*

Што тој планирал да направи? Го растопил златото и користел калап да го обликува во кип на златно теле!



*До9ај ги фигурите МЛ22–23 (златно теле).*

Арон бил избран од Господ да му помога на Мојсеј да ги изведе Израелците од Египет во земјата која Бог им ја ветил. Неговата служба била да им покаже на луѓето што Бог сакал тие да прават, а овде тој им помага да се непослушни спрема Бог!

*ЦВСН* Што вели Библијата во Римјаните 3:23? "Сите згрешија..." Тоа ги вклучува свештениците, учителите, вода чите ... сите се виновни за непослушувањето на Божјото Слово.

Има само Еден Кој живеел на оваа земја Кој секогаш бил послушен на Божјите зборови. Кој бил Тој? Господ Исус Христос бил искушуван на сите начини, исто како и ние, но Тој никогаш не му подлегнал на искушението. Тој никогаш не му бил непослушен на Божјото Слово. Немал грев, не како мене и тебе, или Арон, кој ги слушал Израелците, наместо да му биде послушен на Божјото Слово. Луѓето биле восхитени на златното теле што го направил тој.

"Погледнете! Ова е нашиот Бог кој нè изведе од Египет!" Како можеле да се свртат од единствениот и единствено вистинскиот Бог; Кој го отворил Црвеното Море, Кој им праќал мана секој ден, Кој им дал вода од карпата?

*ЦВН* Наместо тоа, тие му го давале Божјото место на златниот кип. Ти никогаш не би ни сонувал да наречеш едно златно теле твој Бог, но се прашувам што е тоа што го зазема Божјото место во твојот живот? Дали се тоа твоите пријатели? Дали ти е по важно да им угодиш на твоите пријатели, отколку да Му угодиш на Бог? Бог вели, "Сакај ме со целото свое срце." Можеби денес си поминал многу време размислувајќи за твојот омилен фудбалски тим. Колку време помина да размислуваш за Бог? Ти ставаш други на Божјото место, ти си непослушен на Божјиот Закон.

Кога Арон видел како луѓето го обожаваат златното теле, изградил жртвеник пред кипот. "Утре нека биде приредена свеченост во чест на Господ." Што мислел Арон? Изгледа мислел дека тие ќе можат да го обожаваат и златното теле и Бог исто така! Изминати биле само неколку недели кога Бог им кажал дека Тој е љубоморен Бог и дека тие не требало да обожаваат никакви други богови ниту да си прават какви било идоли на кои ќе им се поклонуваат и ќе ги слават.



*Додај ги фигурите МЛ17 и МЛ24 (жртвеник и јагне).*

*ЦВС* Јас претпоставувам дека тоа е како луѓето денес кои велат оти се Христијани, но мислат дека Бог ќебиде задоволен ако одат в црква и го слават во недела, а она што го прават во остатокот од времето – тоа не е Божја работа! Дали така размислуваш? Момчиња и девојчиња, ако сте поверувале во Господ Исус како во свој Спасител, Тој мора да биде прв во секој дел од вашите животи. Кога не е, ти го прекршуваш Неговиот Закон,грешиш против Него. Треба да Му кажеш на Господ дека ти е жал и да побараш од Него сила за да Му го дадеш првото место во сè.

Израелците го послушале Арона, ги донесле своите жртви пред Бог, седнале да јадат, и потоа ги направиле сите можни видови на грев.

Се разбира Бог, Кој знае сè, знаел што направиле луѓето. Тој му рекол на Мојсеј, "Израелците си направија лик од стопено злато. Тие го обожаваат и му принесоа жртви на златното теле. Кипот го нарекуваат нивни бог кој ги извел од Египет. Јас ќе ги уништам и ќе направам голем народ од тебе и твоето семејство."

*ЦВН* Некои момчиња и девојчиња си мислат дека нема никаква врска ако си Му непослушен на Божјото Слово. "Тоа е старомодно," тие велат. "Што ќе се случи ако си непослушен!" Тоа не е важно. Сите ќе треба да одговараат пред Бог, и Бог вели дека она што ние го заслужуваме за непослушноста спрема Него, за правењето грев, е смрт. Тоа значи да бидеш засекогаш одвоен од Бог, во едно место за казна, кое Библијата го нарекува Пекол.

Сигурен сум дека многупати Мојсеј бил наполно "наситен" од сите побунувања и офкања кои доаѓале од Израелците, а сепак Мојсеј се застапувал кај Господ за нив. "Господе, те молам немој да го уништиш Својот народ. Ти го изведе од Египет со Твојата голема сила."

Бог ја услишил молитвата на Мојсеј за народот и Тој не го уништил.

*ЦВН* Ако Бог се пресметува со нас на начин кој заслужуваме, ние би немале никаква надеж, бидејќи сите ние сме виновни за грешење против Него. Наместо тоа, во Сво јата чудесна љубов, Тој на правил пат за да ни се прости нам. Неговиот единствен Син, Господ Исус Христос, Кој не неправил грев, ја зеде, казната која нашиот грев ја заслужуваше. Ние можеме да имаме простување поради Неговата смрт и воскресение. Ако си сфатил дека ти си го прекршил Божјиот Закон, дека си згрешил против Него, тогаш денес може да ти биде простено. Ако ти е навистина жал и не сакаш повеќе да имаш ништо со твојот грев, тогаш сврти се кон Господ Исус. Тој ја зел твојата казна, сега ти мора да Му веруваш со целото свое срце.

Бог вели во Неговото Слово ...

*Прочитај Дела на апостолите 3:19.*

"Затоа, покајте се и обратете се, за да ви бидат избришани гревовите..."

Мојсеј се симна од планината со Десетте заповеди.



*Додај ги фигурите МЛ6 и МЛ19 ( Мојсеј и Јошуа ).*

Кога тој го сретнал Јошуа на половина пат на планината, Јошуа му рекол на Мојсеј, "Звучи како да има војна меѓу луѓето."

Мојсеј знаел дека не е тоа. Тој рекол, "Ниту викаат победници, ниту тажат победените:

туку јас слушам само песна" (Излез 32:18).



*Отстрани ги фигурите МЛ6, МЛ19 & МЛ21 (Мојсеј, Јошуа & Арон). Додај ги фигурите МЛ25 & МЛ26 ( Мојсеј и Јошуа ).*

Кога тие се приближиле, Мојсеј го видел народот како игра околу златното теле. Мојсеј бил многу лут на народот. Бог им зборувал ним, Тој им го дал Својот Закон, тие не го послушале, поставиле златен идол на Негово место! Мојсеј ги фрлил камените плочи и тие се скршиле во камени парчиња во подножјето на планината. Го грабнал телето што го беа направиле и го изгорел во оган; потоа го иситнил во прав, го расфрлил по водата и ги натерал Израелците да ја пијат.

*Замени го Мојсеј фигура МЛ25 со МЛ1. Додај МЛ27 (скршени плочи).*

Тој му рекол на Арон, "Што ти направи овој народ па што го вовлече во толку голем грев?"



*Отстрани ги фигурите. Постави ги фигурите МЛ28 и МЛ20 ( Мојсеј и Арон ).*

Арон одговорил, "Немој да бидеш толку лут. Самиот знаеш колку грешен е овој народ. Луѓето побараа од мене да им направам богови коишто ќе ги водат. Па јас им реков да ми го дадат нивното злато. Кога го фрлив во оган излезе златно теле!"Лаже! Се оправдува! Дали Арон сфаќал дека Бог точно знаел што се случило?

*ЦВН* Исто како што Бог видел сѐ што се случило во логорот на Израелци те, така Тој гледа сѐ што ти правиш, слуша сѐ што ти зборуваш, знае сѐ што ти мислиш.

Израелците и Арон биле уплашени од лутината на Мојсеј. Колку е пострашно да се соочиш со Божјата лути на ако одиш во својот грев и го одбиваш Неговиот пат за спасение.

Бог по Својата милост не го уништил израелскиот народ, и Тој на Мојсеј му дал уште две камени плочи кои ги со држеле Неговите заповеди. Сепак, многу Израелци биле убиени поради нивниот грев!

Божјото Слово вели, "Сите згрешија..."(Рим. 3:23). Божјото Слово вели, "Платата за гревот – она што ти заслужуваш – е смрт..." (Рим. 6:23). Тоа значи да бидеш одвоен од Бог засекогаш. Бог во Својата љубов направил пат за да можеш да ја избегнеш казната што ја заслужуваш и да најдеш простување. Господ Исус Христос е тој пат. Тој е твојата единствена надеж. Што ќе направиш ти?

## *Повторување*

1. –10.

Напиши ја секоја заповед на парче картон обликувано како камена плоча, секојпат испуштајќи го клучниотзбор. Децата треба да ти ги кажат испуштените зборови.

Пр.




11. Колкумина од нас се виновни за прекршувањето на Божјите закони? (Сите).

12. Кој е Единствениот Кој никогаш не Му бил непослушен на Бог?(Господ Исус).

## **Трета лекција**
## Истражување на новата земја

## *Предлози за учителите*

1. Поучувај ја оваа лекција на почетокот од часот во клубот Добра Вест. Користи го деталното разгледување (види страница 21) кон крајот на програмата. Целта на проучувањето е да го засили поучувањето и примената за спасеното дете.

2. Додека го поучуваш стихот за учење напамет, стави им до знаење на децата дека им стоиш на располагање за да ги советуваш. Ти можеш да кажеш нешто како, "Дали е Бог твое спасение? Дали веруваш? Дали нешто те воздржува да дојдеш кај Господ Исус Христос? Дали е тоа што не си сигурен што да направиш? Ако мислиш дека јас можам да ти помогнам, те молам дојди и зборувај со мене на крајот од часот и заедно ние можеме да погледнеме што вели Библијата."

3. Вклучи едно место во програмата во клубот Добра Вест, каде што ти ги охрабруваш децата кои се христијани да им кажат на нивните пријатели во училиште, итн., дека тие треба да поверуваат во Господ Исус Христос како нивни Спасител. Би било од помош да имаш ливчиња за раздавање што би можеле да ги земат и ги поделат на своите пријатели. Голем број интересни ливчиња за раздавање со одлична содржина ги има сега на располагање во Европскиот ЦЕФ.

### Библиски текст

Броеви 13 – 14
Второзаконие 1:29–46

### Централна вистина

Ти мораш да веруваш во Господ.

### Примена

| | |
|---|---|
| За неспасени деца: | Ти мораш да поверуваш во Господ Исус Христос да те спаси. |
| За спасени деца: | Ти мораш да Му веруваш на Господа за силата и помошта да живееш христијански живот. |

### Визуелни помагала

- Фигури МЛ1 – 4, МЛ26 и МЛ29 – 37
- Светилиште и облак од дополнителните слики

### Стих за учење напамет

"... Бог е мое спасение, се надевам и не се бојам веќе" (Исаија 12:2а).

## *Преглед на лекцијата*

### Вовед

"Најпосле Израелците дошле до границата на земјата која Бог им ја вети дека ќе биде нивна."

### Развој на настаните

1. Израелците се уплашени да влезат во Ханаан. ЦВСН
2. Испратени дванаесет извидувачи.
3. Извидувачите поминуваат 40 дена во Ханаан.
4. Дванаесетте се враќаат носејќи плодови од Ханаан. ЦВС
5. Извештаите од извидувачите. Разликата меѓу Халев и Јошуа и останатите десетмина. ЦВН
6. Побунувањето на Израелците. ЦВС
7. Бог зборува.
8. Мојсеј се застапува за Израел. ЦВН

### Кулминација

Бог го поштедува народот, но го казнува нивното неверство. ЦВН

### Заклучок

Израелците се обидуваат да влезат во земјата.

## Лекција



*Постави ги фигурите МЛ1 – 4 (Мојсеј и Израелците).*

Најпосле Израелците дошле до границата на земјата којашто Господ Бог им ја ветил дека ќе биде нивна. Се сеќаваш ли на Неговите зборови кон Мојсеј кога Тој му зборувал од грмушката што горела?

*Прочитај Излез 3:8.*

"...Затоа слегов да го избавам од египетските раце и да го одведам во добра и пространа земја, во земја каде течат мед и млеко: во родниот крај на Хананците, Хетејците, Аморејците, Ферезејците, Евејците и Евусејците."Многу месеци тие ги поднесувале суровите услови на дивината и сега пред нив била една богата, плодна земја, и Бог ветил дека таа ќе биде нивна. Оф, имало еден проблем! Што со луѓето кои веќе живееле во земјата –Хананците, Хетејците, Аморејците, Ферезејците, Евејците, Евусејците? Ако Израелците требало да одат во оваа земја, тие би требало да заминат! Израелците морале вистински да Му веруваат на Бог, да веруваат дека Тој можел и би направил сè што ветил. Досега тие се немале докажано дека се многу добри да го прават тоа!

Во кои случаи не Му верувале на Бог?

*Обиди се да извлечеш одговор од децата.*

(за вода; за храна; кога Мојсеј бил на планината Синај; итн.)

*ЦВСН* Ајде да размислиме за нашите сопствени животи. Дали Му веруваш на Бог како што би требало? Најнапред, дали си поверувал во Господ Исус Христос да биде твој Спасител и Господ на твојот живот? Ако си го направил тоа, дали живееш секој ден верувајќи Му дека ќе ти помага и ќе те води? Дали Му веруваш дека Тој ќе го спроведе Неговиот совршен план во твојот живот?

И покрај сите пати кога Израелците не Му верувале на Бог, Тој **никогаш** не ги изневерил. Сè уште, дури и сега, тие не биле премногу сигурни да се насочат во оваа нова земја! Бог му кажал на Мојсеј да назначи мажи, да ја разгледаат оваа земја! Требало дванаесет мажи да бидат избрани, по еден од секое израелско племе.



*Додај ги фигурите МЛ26 и МЛ29-32 (извидувачи).*

Нивната задача била да одат и да видат каква била земјата, какви биле луѓето, и да донесат нешто од производите на таа земја.

Четириесет дена извидувачите патувале низ ветената земја. Тие можеле да видат дека почвата била навистина добра, житото и овошјето изгледале прекрасно. Тие исто така виделе многу луѓе кои живееле таму и тие луѓе имале изградено цврсто утврдени градови.



*Додај ги фигурите МЛ33 – 35 (плодови).*

Замислете ја возбуденоста во логорот на Израелците кога виделе дека извидувачите се враќаат и кога виделе што тие носеле со нив! Имало смокви, калинки и една лозинка со грозд кој бил толку голем, што го носеле на стап меѓу двајца мажи.

*ЦВС* Бог му ветил многу на Неговиот народ кога тие би Му верувале. Што Бог ти ветил тебе ако Му веруваш? Ајде да откриеме од Неговото Слово, Библијата.

*По можност користи игра која ќе ја приспособиш според возраста и способноста на групата што ја поучуваш.*

Дела на апостолите 10:43
Простување

Дела на апостолите 3:19 – 20

| | |
|---|---|
| | Нов живот |
| Јован 3:16 | Вечен живот |
| Јован14:26 | Светиот Дух |
| Јован 14:1–2 | Небо |

Ако веруваш во Господ Исус како твој Спасител, тогаш ти имаш простување за твоите гревови. Знаеш ли дека Бог вели оти Тој нив ги отстранил и нема повеќе да се сеќава на нив? Нели е прекрасно да знаеш дека Бог, Светиот Дух, живее во тебе и дека сега ти имаш нов живот каде Бог владее, а не Сатаната. Само помисли дека еден ден ќе одиш на Небото–тоа е Божјото ветување.

Сепак, она што Бог не го ветил е дека ќе биде лесно да бидеш Христијанин. Всушност Библијата го вели токму спротивното, дека Божјите чеда ќе се соочат со проблеми и потешкотии, исто како и Господ Исус кога бил на земјата. Ако веруваш во Господ Исус како твој Спасител, ти мораш исто така да Му веруваш секој ден за помошта која ти е потребна да живееш за Него. Божјите чеда не можат да живеат за Него со својата сопствена сила, мораш да Му веруваш на Господ за Неговата сила.

Израелците го имале Божјото ветување за нова земја, но Бог не им ветил дека ќе биде лесно да ја преземат оваа земја. Не, тие би требало да веруваат во Неговата сила. Го направиле ли тоа?

Замислете си ја возбудата на нивните лица додека ги слушале извидувачите кои зборувале за Ханаан, каде што растела многу храна. Мислам дека нивниот израз се променил кога слушнале за големите градови опкружени со ѕидови и за луѓето кои биле многу силни!

"Изгледавме како скакулци спрема нив!" одговориле извидувачите.

Тогаш еден од извидувачите по име Халев рекол:

*Прочитај Броеви 13:30.*

"Да тргнеме не двоумејќи се и да ја заземеме, зашто можеме да ја покориме."

Јошуа, еден друг од дванаесеттемина се согласил, но што е со другите десетмина?

*Прочитај Броеви 13:31.*

"Не можеме да одиме против оној народ, зашто е посилен од нас," и почнале да зборуваат за големите опасности во Ханаанската земја.

*Отстрани ги фигурите МЛ33 – 35 (плодови).*

Која беше разликата меѓу Јошуа, Халев и другите извидувачи?

*ЦВСН* Секој од нив знаел дека градовите биле многу силни. Сите забележале дека многу сурови луѓе живееле во земјата. Само Јошуа и Халев биле волни да Му веруваат на Бог.

Бог им кажал дека ќе им ја даде земјата и тие знаеле дека ништо не е претешко за Бог.

Како кого си ти? Како Јошуа и Халев или како другите извидувачи? Можеби многу си размислувал што би значело да станеш Христијанин, но што со твоите другарчиња? Ти не сакаш да ги загубиш, но дали тие би сакале да се дружат со тебе ако ти го следеше Господ Исус Христос? Дали размислуваш за потешкотиите да се живее христијански живот, сепак повеќе од сè друго сакаш да знаеш дека ти се простени гревовите и дека си подготвен за на Небо. Како Јошуа и Халев, дали си волен да Му веруваш на Бог?

Ќе го направиш ли тој чекор денес? Кажи Му на Господ Исус оти знаеш дека си грешел, но ти е навистина жал и сакаш да повeруваш во Него како во свој Спасител. Кажи Му оти знаеш дека можеш да Му веруваш за силата да живееш за Него секој ден.

На чија страна би застанал израелскиот народ? Би биле ли подготвени да веруваат како Јошуа и Халев, или би биле премногу плашливи да одат во ветената земја, како десетте извидувачи?

Тие имале видено многу докази на Божјата сила. Тие го слушнале Неговиот глас на пла-

нината Синај. Сигурно би сфатиле дека нивниот Бог можел да им ја даде оваа земја.

Низ целиот логор луѓето се побуниле.

"Зошто Бог сака да одиме во Ханаан? Ќе бидеме убиени од мечовите на нашите непријатели! Ајде да избереме нов водач и да се вратиме во Египет..."

*ЦВС* Назад во Египет каде што биле робови!

Дали си бил искушуван да мислиш дека би било полесно да се вратиш назад? Си го направил тој чекор на вера, и веруваш во Исус да биде Спасител и Господ на твојот живот. Дали ти е многу тешко да живееш за Него? Дали брат ти или сестра ти те спречуваат да имаш тивок час секој ден? Дали си осамен заради другарчињата со кои си играше на училиште, кои не сакаат да се дружат со тебе сега кога си христијанин? Можеби дури и мама и тато секогаш ти изнаоѓаат грешки за тоа што го правиш. "Мислиме дека ти ни кажа оти си бил христијанин!" тие повторно и повторно кажуваат.
Бог никогаш не ветил дека ќе биде лесно да Го следиш, но Тој ветил **никогаш** да не те изневери. Верувај Му на Бог. Сети се колку многу Тој те љуби. Нели Тој го даде Својот единствен Син да умре за тебе? Верувај Му за силата да им покажеш исправно однесување на твоето семејство. Побарај од Него да ти помогне да им бидеш добро сведоштво. Верувај Му на Бог дека ќе ти даде еден посебен пријател в училиште кој го љуби Господ Исус.

Немој да го слушаш Сатаната кога те искушува да бидеш како оние десет извидувачи. Следи го примерот на Јошуа и Халев. Тие им рекле на луѓето, "Земјата која ја извидовме е добра. Бог ќе го направи она што е најдобро за нас. Ако Бог сака, Тој ќе ни ја даде земјата. Немојте да се свртите против Бог! Немојте да се плашите. Бог нас ќе ни помогне!" Јошуа и Халев ги раскинале своите облеки како знак за неверниот народ.

Што направиле Израелците? Тие се заканувале да ги каменуваат Јошуа и Халев. Тогаш Бог му зборувал на Мојсеј.



*Замени ја фигурата МЛ1 со МЛ36 (Мојсеј и Арон).*

*Прочитај Броеви 14:11–12.*

"До кога ќе Ме презира тој народ? До кога не ќе Ми верува и покрај сите знаци што ги извршив сред нив? Ќе ги удрам со помор и ќе ги истребам, а од тебе ќе направам народ поголем и посилен од него."

Ова бил вториот пат кога Бог се заканил да ги уништи Израелците. Што се случило во претходниот случај?

*Дај им можност на децата да одговорат.*

(Мојсеј се застапувал во нивно име.)

Уште еднаш Мојсеј преговарал со Господ да му прости на народот.



*Отстрани ги сите фигури. Додај фигура МЛ37 (Мојсеј), светилиште и облак од дополнителните слики.*

"Ако го уништиш твојот народ, Египќаните ќе слушнат за тоа и ќе кажат, 'Господ не можел да ги донесе во земјата која им ја ветил. Тој нив ги убил во пустината.' Покажи ја твојата голема сила. Прости им на овие луѓе како што и правиш откако тие заминаа од Египет."

Што ќе се случело ако Бог се однесувал спрема Израелците онака како што заслужувале? Би немало надеж за нив.

*ЦВН* Што е со тебе? Ако Бог се однесува спрема тебе како што заслужуваш, не ќе има надеж за тебе, бидејќи сè што ти заслужуваш е казна за твојата непослушност.

Наместо тоа, Бог во Неговата љубов го испратил Неговиот единствен Син, Господ Исус Христос, Кој ја зел твојата казна кога умрел на крстот. Поради Христовата смрт и воскресение сè што се бара од тебе е да се свртиш од твоите гревови и со целото свое срце да Му веруваш на Господ Исус.

Израелците изневериле да Му веруваат, но сепак Бог обрнал внимание на молбите на Мојсеј и рекол:

*Прочитај Броеви 14:20.*

"Им проштавам, на твојот збор."

Бог немало да ги уништи Израелците, но ох колку многу тие загубиле поради тоа што изневериле да веруваат!



*Отстрани ја дополнителната слика и фигурата МЛ37. Додај ги фигурите МЛ1–4 и МЛ29–32 (Мојсеј и Израелците).*

Бог рекол, "Бидејќи тие ја видоа мојата слава и чудата и сепак не послушаа и Ме испитаа, тие нема да ја видат Ханаанската земја. Само Халев и Јошуа ќе живеат во Ханаан. Луѓето ќе живеат во пустината четириесет години. Сите кои имаат дваесет години и кои се постари, кои креваа врева против мене, ќе умрат во дивината."

*ЦВН* Што ќе се случи со тебе ако не Му веруваш на Господ Исус да биде твој Спасител? Ти веројатно ќе имаш многу пријатели, ти нема да треба да се соочиш со какви било провокации в училиште и ќе можеш да живееш само за да си угодиш себеси. Што ќе загубиш? Ти нема да имаш простување за твојот грев, ти нема да го имаш Бог, Светиот Дух да живее во тебе, ти нема да имаш нов живот, и ти никогаш нема да влезеш на небо.

Кога луѓето ги слушнале Божјите зборови тие биле тажни. Утредента рано наутро тие започнале да го напуштаат логорот.

"Каде одите?" Мојсеј прашал.

"Знаеме дека згрешивме. Ние сме на нашиот пат за Ханаан," тие одговориле. Дали ќе научат некогаш?

Мојсеј нив ги предупредил, "Вие не ја послушавте Божјата заповед. Бог нема да оди со вас. Ќе ја загубите битката со луѓето од Ханаан."

Но Израелците отишле преку планините кон Ханаан. Амаликците и Хананците кои живееле на планините ги нападнале и мнозина биле убиени.

*ЦВН* Како кого си ти? Дали си како десетте извидувачи, премногу уплашен да му веруваш на Господ Исус со својот живот? Дали се плашиш дека христијанскиот живот би бил премногу тежок?

Биди како Јошуа и Халев! Тие можеле да ги видат проблемите, но знаеле дека Бог бил доволно моќен да се пресмета со нив.

Ќе поверуваш ли во Господ Исус Христос да те спаси и да ти ја даде силата да се соочиш со какви било потешкотии кои ти се испречуваат на твојот пат?

"...Бог е мое спасение, се надевам, не се бојам веќе" (Исаија 12:2а).

## *Детално разгледување*

(Погледај ги предлозите за учителите на страница 16.)

Џил поверувала во Господ Исус Христос да биде Спасител и Господ на нејзиниот живот. Нејзиниот учител во клубот Добра Вест бил восхитен и навистина ѝ помогнал на Џил посочувајќи ѝ места од Библијата за читање и охрабрувајќи ја да им каже на другите дека таа била христијанка.

Џил започнала да им кажува на нејзините другарки дека на училиште ѝ било добро.

Всушност таа открила дека една од нив била христијанка, но се плашела да му каже некому.

Двете девојчиња отишле на детски состанок каде што се проучувала Библијата, што го организирале од некои од учителите. Било добро да се сретнат со други христијани и да бидат поучувани од Библијата.

Еден ден еден учител ја прашал Џил дали била в црква. Кога Џил рекла дека не била, учителот ја поканил да дојде во онаа каде што тој одел.

Џил сакала да оди, но била уплашена. Би ѝ требало дозвола од нејзините родители, а досега таа им немала кажано дека била христијанка!

Мајка ѝ и татко ѝ немале време за Бог. Не им било по волја да ѝ дозволуваат на Џил да оди во клубот Добра Вест и ја предупредиле, "Немој толку сериозно да се зафаќаш со овие религиозни работи!"

Што би кажале тие сега? Дали би ѝ забраниле да оди во клубот Добра Вест? Што би било пак со детските состаноци? Што со нејзините другарчиња кои биле христијани? Џил била многу уплашена!

*Дискутирај со децата. Обиди се да извлечеш од нив:*

1. *Потребно е да се моли за нејзините родители.*
2. *Да се сети дека Бог контролира сѐ и дека ништо не е претешко за Него.*
3. *Да Му верува на Бог за храброста да зборува.*
4. *Да покаже со својот живот дека го љуби Господ.*

## *Повторување*

1. Кои добри работи Бог им ги кажал на Израелците дека ќе ги имат во новата земја? (Многу храна – овошје, зеленчук, итн.)
2. Зошто Бог му кажал на Мојсеј да назначи извидувачи да одат во земјата Ханаан? (Израелците се плашеле од влегувањето во земјата.)
3. Колку извидувачи биле избрани? (Дванаесет).
4. Што донесле извидувачите од Ханаан? (Смокви, калинки, грозје.)
5. Што кажале извидувачите за градовите и за луѓето во Ханаан? (Големи градови опкружени со ѕидови; многу силни луѓе.)
6. Што рекле Халев и Јошуа? ("Да тргнеме не двоумејќи се и да ја заземеме, зашто можеме да ја покориме!")
7. Што рекле другите десет извидувачи? ("Не можеме да одиме против оној народ, зашто е посилен од нас.")
8. Зошто Халев и Јошуа биле толку сигурни? (Тие знаеле дека можат да Му веруваат на Господ.)
9. Кого го послушале Израелците? (Десеттемина извидувачи.)
10. Како Бог ги казнил Израелците поради нивниот недостиг на вера во Него? (Тие ќе лутале во дивината за четириесет години. Сите кои биле дваесет години и повеќе, кои мрмореле против Бог, ќе умреле во дивината.)
11. Што ќе се случело со Јошуа и Халев? (Тие ќе влезеле во ветената земја.)
12. Што вели Исаија 12:2а? ("...Бог е мое спасение, се надевам, не се бојам веќе.")

# **Четврта лекција**
# Мојсеј греши против Бог

## *Предлози за учителите*

Оваа лекција содржи многу поучување за спасеното дете. Бог, во Неговата љубов, можеш ова добро да го искористиш за да ги убедиш неспасените деца. Сепак би било добро да имаш поучување посебно за нив во друг дел од програмата во клубот "Добра Вест". Зошто да не користиш песни кои имаат јасна евангелска насока?

### **Библиски текст**

Броеви 20

### **Централна вистина**

Чувај се од непријателот.

### **Примена**

| | |
|---|---|
| За спасени деца: | Сатаната е непријателот на сите Божји чеда. Ти треба секогаш да си подготвен за неговите напади. |

### **Визуелни помагала**

- Фигури МЛ2-6, МЛ21, МЛ28 и МЛ37-44
- Планинска заднина
- Светилиште и облак
- Карпа од дополнителните слики
- Вода од дополнителните слики

### **Стих за учење напамет**

"...Оној Кој е во вас, поголем е од оној кој е во светот" (1 Јован 4:4б).

## *Преглед на лекцијата*

### **Вовед**

"Дали некогаш сте вртеле кругови?"

Развој на настаните

1. Божјите луѓе се назад на местото каде што биле пред четириесет години. ЦВС
2. Нема вода, луѓето се жалеле. ЦВС
3. Мојсеј се моли. Бог го упатува што да прави.
4. Мојсеј ги собира луѓето заедно. Мојсеј им зборува во лутина. ЦВС (ССР)
5. Мојсеј ја удира карпата, тој не го послушува Бог. ЦВС
6. Бог вади вода од карпата. ЦВС

### **Кулминација**

Божјата казна врз Мојсеј и Арон.

### **Заклучок**

Биди секогаш подготвен. Запомни дека Господ Исус Кој престојува во тебе преку Неговиот Свети Дух, е поголем од Сатаната кој е во светот.

## *Лекција*

Дали некогаш си вртел кругови? Можеби татко ти те одвел на прошетка во шумата и вие малку сте се загубиле. Ти велиш, "Мислам дека треба да одиме по оној пат." Татко ти вели, "Не, оваа е вистинската патека." По некое време завршувате на истото место и сè уште сте загубени!



*Постави ги фигурите МЛ2–3 и МЛ38–40. (Израелците и планинската заднина).*

Ако ви кажам дека Израелците талкале во дивината четириесет години и сега биле во Кадеш Барнеа, на границата со Ханаан, истото место каде што биле пред четириесет години, што би помислил? Сигурно се загубиле! Тие талкале вртејќи кругови!

Па, тие сигурно не се загубиле, бидејќи Господ ги водел нив. Како?

*Дозволи им на децата да одговорат.*

(Огнен столб и облак.)

Зошто Бог ги водел вртејќи ги околу дивината? Потсети се што се случи пред четириесет години? Еве неколку потсетници.




*кажат што се случило - накратко.*

Луѓето од Израел биле уплашени од луѓето во Ханаан. Тие не сфатиле дека биле под напад на еден далеку посилен непријател – Сатаната – кој не сакал тие да Му веруваат на Бог. Камо тие секогаш да биле подготвени за тој непријател и да Му верувале на Господ дека ќе им донесе победа над луѓето од Ханаан, како што им ветил.

Бог ги казнил нив. Сите кои мрмореле и се побуниле против Бог умреле во дивината. Новата генерација Израелци, сега возрасни, биле назад на границите со Ханаан. Сигурно тие научиле да Му веруваат на Господ и секогаш да бидат подготвени за непријателот, ѓаволот.

*ЦВС* Момчиња и девојчиња кои сте христијани, кога ќе се свртите од вашите гревови и поверувате во Господ Исус како ваш Спасител, вие станувате Божји чеда. Вие не му припаѓате на Сатаната, но чувајте се! Тој е Божји непријател и ваш. Тој е многу опасен и ќе ја искористи секоја можност да ве спречи да го правите она што му е угодно на Господ. Слушнете што вели Библијата.

*Прочитајте 1 Петар 5:8*

"... Бдејте; вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика, барајќи некого да проголта."



*Застани тука. Додај ги фигурите МЛ21 и МЛ28 (Мојсеј и Арон).*

О, да бевме изумреле кога и нашите браќа загинаа пред Господ! Зошто го доведовте Господовото општество во пустинава, за да изумреме тука и ние и нашиот добиток? Зошто нè изведовте од Египет, за да нè доведете во незгодново место; место во кое нема ни жито, ни смокви, ни грозје, ни калинки? Нема ни вода за пиење!"

Кој ги кажал овие зборови? Можете ли да поверувате дека тоа биле луѓето од Израел? Сигурно кога виделе што се случило со нивните родители би им било страв да мрморат и да негодуваат! Сигурно тие научиле дека можат да Му веруваат на Господ дека ќе се грижи за нив. За време на тие четириесет години во дивината дали огладнеле или ожедннеле? Не. Знаете ли дека за време на сите тие години нивните обувки и облеки никогаш не им изветнеле? И покрај сето тоа тие го правеле она што нивните родители правеле. Му дозволувале на нивниот непријател, ѓаволот, да биде по негова волја и да не Му веруваат на Бог.

*ЦВС* Ако си едно од Божјите чеда, тогаш научи од грешките што ги направиле луѓето од Израел. Додека читаш за други луѓе од Библијата, учи од нивните животи. Слушај совет од постари христијани како што се твоите учители од Неделното училиште и водачите од клубот Добра Вест. Учи од нив. Научи да Му веруваш на Бог и секогаш да бидеш подготвен за твојот непријател, ѓаволот.

Што направил Мојсеј во минатото кога Израелците негодувале?

*Охрабри ги децата да одговорат.*

(Се молел.)



*Отстрани ги сите фигури. Постави ги фигурите МЛ37 и МЛ41 (Мојсеј и Арон), светилиштето и дополнителните слики.*

Овојпат не беше поинаку. Пред светилиштето, Мојсеј Му се молел на Бог. Господ Му рекол на Мојсеј, "Ти и Арон соберете ги сите луѓе. Речете ѝ на карпата за да чујат сите луѓе. Вода ќе потече од карпата. Дајте им вода на луѓето и на нивниот добиток."

Што требаше Мојсеј да ѝ направи на карпата?

*Дозволи им на децата да одговорат.*

(Да ѝ рече на карпата.)

Мојсеј и Арон ги собрале сите луѓе пред карпата како што рекол Бог. Сега Мојсеј бил многу лут.



*Отстрани ги сите фигури и дополнителните слики. Додај ја карпата од дополнителните слики и фигурите МЛ5, МЛ38 и МЛ42 (Мојсеј, Арон и Израелците).*

*ЦВС* Момчиња и девојчиња, внимавајте на лутината (гневот). Многу често кога сме лути, губиме контрола и Сатаната нè тера да згрешиме.

Во Библијата читаме дека Бог бил лут, но Бог не греши. Ние исто така читаме дека и Господ Исус се лутел (гневел), но Тој не направил грев. Дали чувствуваш лутина? Дали твоите родители ти забраниле да одиш некаде или да правиш нешто со твоите другарчиња? Размисли! Дали е правилно да се лутиш кога твоите родители постапуваат од љубов и грижа кон тебе? Бог вели, "Деца, бидете им послушни на своите родители" (Ефешаните 6:1). Внимавај! Сатаната сака да си Му непослушен на Бог со тоа што лошо ќе се однесуваш спрема мајка ти и татко ти.

Дали му се лутиш на твојот учител бидејќи настојува повторно да ја изработиш домашната работа? Размисли! Дали е во ред да се лутиш? Дали вложи доволно труд во таа мала работа? Внимавај! Не дозволувај Сатаната да те предизвика да имаш лош однос спрема твојот учител.
Можеби се лутиш бидејќи некој на кого си му верувал страшно те изневерил. Биди подготвен! Сатаната можеби ќе те искушува да направиш нешто за да ја повредиш таа личност. Што вели Бог?

*Прочитај Ефешаните 4:32.*

"... бидете љубезни еден кон друг, чувствителни, проштавајќи си еден на друг, како што и Бог ви прости вам во Христос."

Можеби си мислиш, "Никогаш нема да заборавам што таа направи додека сум жив!" Биди подготвен! Не дозволувај му на Сатаната да те натера да згрешиш. Бог вели, "Гневете се, но не грешете! Сонцето да не зајде во вашиот гнев, и не давајте му место на ѓаволот!" (Ефешаните 4:26 –27). Побарај од Бог сила да простиш и заборавиш.

*ССР* Можеби би ти било од помош да разговараш за она што те лути. Ако сакаш да зборуваш со мене, дојди на крајот од часот. Јас ќе бидам во предниот дел од собата.

Мојсеј требал секогаш да биде подготвен. Колку верно и трпеливо Мојсеј ги водел Израелците. Сепак, ѓаволот никогаш не ги остава на мира сите Божји чеда. Не е важно колку стар или млад христијанин си ти. Сатаната ќе се обиде да те натера да згрешиш против Господ. Мојсеј беше толку лут и сигурно Израелците му задале многу причини да се чувствува така, но слушнете ги неговите зборови.

"Чујте сега, бунтовници! Дали сакате да ви извадиме вода од карпата?" Мојсеј ја подигнал раката и удрил со жезолот двапати во карпата!

Дали Мојсеј постапил како што рекол Бог? Не.

Дали однесувањето и зборовите на Мојсеј Му оддале чест на Бог? Не.

Можел ли Мојсеј да си ги поврати назад кажаните зборови? Не.

Мојсеј престанал да внимава на Сатаната, и во неговиот гнев (лутина) тој згрешил против Господ.

*ЦВС* Ако ти или јас му кажеме нешто болно или лошо на некого кога сме лути, ја вршиме волјата на Сатаната и Го разочаруваме Бог. Можеме да ѝ се извиниме на личноста, можеме да побараме од Бог да ни прости, но не можеме да ја поправиме штетата.



*Додај вода од дополнителните слики.*

Мојсеј во својата лутина Му бил непослушен на Бог, но колку милостив е Господ! Тој дал вода од карпата. Кристално, чиста вода потекла и имало доволно за сите луѓе и за нивниот добиток.

Можеби си мислиш дека ако Мојсеј поткле-кнал, каква надеж имаш ти против Сатаната! Да, нашиот непријател е силен, посилен од секој од нас, но слушни што вели Бог.

Прочитај 1 Јован 4:4б.

"...Оној Кој е во вас, поголем е од оној кој е во светот."

*Отстрани ги дополнителните слики и фигурите МЛ5 и МЛ42 (Мојсеј и Арон).*

*ЦВС* Момчиња и девојчиња, вие имате непријател кој е посилен од вас, но нашиот Бог е семоќен. Никој не е посилен или помоќен од Господ. Кога Господ Исус Христос умре на крстот, Тој го порази ѓаволот. Доказ на Неговата победа е воскресението. Исус е жив! Сатаната е поразен, тој е на страната на губитниците. Ако си Христијанин ти си на страната на победниците, но немој да престанеш да внимаваш. Ѓаволот ја загубил војната, но тој ќе се бори против Божјите чеда сѐ додека Господ Исус повторно не се врати на оваа земја.

Што би им се случило на Мојсеј и Арон?



*Постави ги фигурите МЛ2–4, МЛ6 и МЛ43–44 (Израелците, Мојсеј, Арон и Елеазар).*

Бог рекол, "Вие не Ми верувавте. Не ѝ оддадовте чест на Мојата светост пред луѓето. Сега вие нема да ги воведете нив во земјата Ханаан." Бог ќе именува нов водач за луѓето. Сигурно на Мојсеј му паднало многу жал.

Бог исто така рекол, "Земи го брат ти Арон и неговиот син Елеазар, па изведи ги на гората Ор. Соблечи му ја на Арона неговата облека и облечи го во неа неговиот син Елеазар. Арон ќе умре на гората."

*Отстрани ги фигурите МЛ6 и МЛ43-44 (Мојсеј, Арон и Елеазар).*

Момче или девојче кое си христијанин, биди секогаш подготвен. Јаков 4:7 вели, "Покорете Му се на Бога; а противставете му се на ѓаволот и тој ќе побегне од вас." Запомнете дека Господ Исус Кој живее во вас преку Неговиот Свет Дух е поголем од Сатаната кој е во светот.

## *Повторување*

Украсете едно хартиено ќесе со различни облици и бои на "да" и "не" запишани на ќесето. Кога ќе се поставуваат прашањата тогаш детето мора да одговори со "да" или "не". Дај поени за секое точно "да" или "не" и дополнителни поени за точно одговорено "зошто". Давај награди од ќесето за секој точен одговор.

1. Израелците живееле во дивината 40 години. (Да. Зошто: тие ги виделе Божјите чуда, но изневериле да Му веруваат. Сите возрасни луѓе требало да умрат во пустината, а новата генерација да оди во Ханаан.)

2. Израел требал секогаш да биде подготвен за поопасниот непријател отколку луѓето кои живееле во Ханаан. (Да. Зошто: Сатаната бил нивниот непријател.)

3. Новата Израелска генерација научила да Му верува на Господ. (Не. Зошто: кога имало недостиг од вода тие негодувале исто како што правеле и нивните родители.)

4. Мојсеј секогаш ги знаел вистинските одговори за проблемите на Израелците. (Не. Зошто: Мојсеј секогаш зборувал со Бог кога луѓето негодувале бидејќи тој знаел дека Бог можел да им помогне.)

5. Кога си христијанин ти не треба да се грижиш за Сатаната. (Не. Зошто: Библијата нѐ предупредува во 1Петар 5:8

"...бдејте: вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика, барајќи некого да проголта.")

6. Мојсеј требало секогаш да биде подготвен против Сатаната. (Да. Зошто: Сатаната не ги остава на мира сите Божји чеда. Без разлика колку си стар или колку си млад.)

7. Требало ли Мојсеј да ја удри карпата? (Не. Зошто: бидејќи Бог му кажал само да ѝ прозбори на карпата и да го види Неговото чудо како ќе извади вода од карпата.)

8. Ние треба да зависиме од Господ Исус да ни помогне да се бориме против нашиот непријател. (Да. Зошто: Библијата вели, "Оној кој е во вас е поголем од оној кој е во светот.")

9. Мојсеј немало да ги води Израелците во земјата Ханаан. (Да. Зошто: ова бил Божјиот суд на Мојсеј бидејќи тој му бил непослушен на Бог.)

## Петта лекција
Бронзена змија

### *Предлози за учителите*

1. Поучувај ги стиховите за учење напамет по Библиската лекција, така што децата ќе ја имаат чуено заднината на стиховите и помалку ќе бараат објаснување за змијата во дивината. Ова ќе остави повеќе време да зборувате за тоа што значи да веруваш во Господ Исус.
2. Искористи го времето за поучување на стих напамет да им ставиш до знаење на заинтересираните деца дека ти си им **на располагање да ги советуваш**. Можеш да кажеш нешто како ова, "Можеби никогаш не си поверувал во Господ Исус Христос, и сега навистина сакаш, но не си сигурен што да направиш. Ако сакаш да разговараш со мене за ова, јас ќе стојам напред (или одреди некое друго место) кога ќе заврши состанокот. Ти можеш да дојдеш кај мене и јас ќе ти покажам од Библијата како можеш да се спасиш."

### Библиски текст

Броеви 21:1–9, 16–18
Јован 3:1–16

### Централна вистина

Поверувај во Господ Исус и ќе се спасиш.

### Примена

| | |
|---|---|
| За неспасени деца: | Ти треба да се свртиш од твојот грев кон Господ Исус Христос. Гледај на Него. Тој е твојата единствена надеж. |

### Визуелни помагала

- Фигури МЛ1–4 и МЛ45–52
- Планинска сцена по избор

### Стих за учење напамет

"И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така треба да биде издигнат Синот Човечки, та секој кој верува во Него да има вечен живот" (Јован 3:14–15).

### *Преглед на лекцијата*

### Вовед

"Помош!" "Ох, не!" "Помогнете ни!"

### Развој на настаните

1. Отровни змии во Израелскиот логор.
2. Бог ги испратил змиите. Зошто?
3. Божјата добрина кон Израел. ЦВН
4. Патување околу Едом.
5. Израелскиот бунт против Бог. ЦВСН
6. Бог го казнува Израел. ЦВН
7. Луѓето бараат од Мојсеј да се моли за нив. ЦВН
8. Бог му наредува на Мојсеј да направи бронзена змија. ЦВН

### Кулминација

Оние кои гледаат во змијата се спасени. ЦВН

### Заклучок

Ќе тргнеш ли по Божјиот пат денес? Погледни во Господ Исус Христос, верувај во Него со целото твое срце.

### *Лекција*

"Помош!" "Ох, не!" "Помогнете ни!" "Ве молиме помогнете ни!"

Ужасни извици и пискотници можеле да се чујат насекаде во логорот на Израелците.

"Отстранете ги!"

"Ох, не! Каснат сум! Помогнете ми!"

Што сè се случило?



*Постави ги фигурите МЛ45–51 (Израелците и змиите).*

Имало змии, смртоносно отровни змии во логорот. Луѓе биле каснувани, луѓе умирале. Од каде дошле овие змии? Зошто тие одеднаш го нападнале логорот? Слушни што вели Библијата.

*Прочитај Броеви 21:6*

"Тогаш Господ испрати лути змии против народот; тие ги каснуваа, така што изумре многу народ од Израел."

Господ ги испратил овие змии! Зошто?

*Отстрани ги фигурите.*

Повторно и повторно Бог ја покажувал Неговата моќ и Неговата љубов кон Израелците. Можеш ли да ми дадеш некои примери?

*Извлечи одговори од децата.*

(Ослободување од Египет; отворање на Црвеното Море; обезбедување храна, облека, вода.)

Како се однесувале Израелците спрема сето тоа што Господ го направил за нив? Едно време ќе бидат благодарни, но штом ќе имало друг проблем или потешкотија тие стенкале и негодувале против Мојсеј и Арон. Правејќи го тоа тие вистински негодувале против Бог. Тие грешеле.

*ЦВН* Што е со тебе и со мене? Помисли на сето она што Господ го направил за нас (ни обезбедил облека, домови, семејства, итн.). Сите тие се подароци од Бог. Дали сме благодарни или има пати кога звучиме како Израелците?

А кога е време за јадење? "Ох, мамо, не тоа пак! Знаеш дека не сакам манџа! Сакам плескавица и компирчиња вечерва." Звучи ли познато? Мајка ти потрошила време да подготви хранливи јадења за тебе, а сè што ти правиш е бунт. Дали таквото однесување е во ред или е погрешно? Погрешно е, тоа е грев. Слушни што вели Божјото Слово.

*Прочитај 1 Солунците 5:18а.*

"Благодарете за сè..."

Што е пак со летниот одмор? Можеби мајка ти и татко ти те одвеле на море во приколка. "Ова е здодевно, зошто не можеме да одиме некаде каде што е повозбудливо? Моите другари ќе одат во Дизниленд – не е далеку!" Дали тоа го кажуваш? Дали таквото однесување спрема мајка ти и татко ти Му е угодно на Бог? Не, тоа е лошо, грев е.

Можеби најпосле ние не сме толку поразлични од Израелците! Тие грешеле против Бог, исто како што сме правеле јас и ти.



*Постави ги фигурите МЛ2–4 ( Израелците ).*

Тешко било патувањето низ дивината. Додека ја заобиколувале Едомската земја ужасни песочни бури ги удирале в лице, топлината која пржела им ги сушела грлата за вода. Дали тие си мислеле, "Зошто мораме да одиме по овој пат? Пократко е да се оди низ Едомската земја."

Неодамна тие ги поразиле некои од своите непријатели и така веројатно си мислеле дека Едомскиот цар и неговата војска не им претставувале сериозна закана.

Тие требало да се сетат дека тоа бил Господ Кој им донесол победа и дека Господ бил оној Кој ги водел околу Едом, што било подобро отколку низ него.

Можете ли да погодите што било следното што се случило?



*Додај ја фигурата МЛ1 (Мојсеј)*

"Зошто нè изведовте од Египет?"

"Нема вода."

"Ни се згади ова бедно јадење."

Како можеле да го кажат тоа? Бог обезбедил мана за нив. Без нејзе тие ќе умреле. Како можеле гаден да го наречат подарокот кој Бог им го дал?

ЦВСН Има дури и поголем подарок кој Бог ни го дал нам. Дали знаете што е тоа?

*Прочитај Јован 3:16а.*

"Зашто Бог толку го засака светот, што Го даде Својот Единороден Син..."

Бог го дал овој најдрагоцен од сите подароци, Неговиот Син, да биде наш Спасител за ние да можеме да живееме. Без Господ Исус би немале надеж, бидејќи нашите гревови ќе нè одвојат од Бог засекогаш.

Што велиш за Божјиот подарок? Се надевам дека има такви кои велат, "Ти благодарам ... о, ти благодарам Господе за Исус," бидејќи ти веруваш во Него како Спасител и Господ на твојот живот.

Се плашам дека можеби има некои од вас како луѓето од Израел. Не го сакате Божјиот пат за вашиот жвот, не го сакате Господ Исус за ваш Спасител.

Кога ја отфрлаш Божјата добрина кон тебе, ти грешиш против Него, исто како што и децата од Израел правеле.



*Направи пауза. Отстрани ги фигурите МЛ1–4. Постави ги фигурите МЛ45–51 (Израелците и змиите).*

Звуците во Израелскиот логор одеднаш се измениле. Наместо стенкања и негодувања, се слушале ужасни извици. Змии се протнувале насекаде. Ова била Божјата казна врз Неговиот народ поради нивниот грев. Библијата ни кажува дека Бог е љубов, љубезен и трпелив. Библијата исто така ни зборува за Бог дека е свет и праведен. Тој нема да помине преку гревот.

Господ бил толку добар и трпелив со луѓето од Израел, а сепак тие се побунувале против Него, и Бог ги казнил.

ЦВН Внимавајте момчиња и девојчиња, вие сте исто така во стравотна опасност ако се буните против Господ. Бог во Својата љубов направил пат за да можеш ти да живееш. Неговиот Син е тој пат. Совршениот, безгрешен Господ Исус Христос ја зеде казната што ти ја заслужуваш за твојот грев. Тој умрел за да можат да живеат оние кои веруваат во Него. Тој е твојата единствена надеж. Немој да мислиш дека Бог ќе му прогледа на твојот грев, дека ти ќе можеш да продолжиш да живееш на начин на којшто сакаш и дека тоа не е важно. Бог, Кој го казнил Својот народ во дивината, ќе ги казни и оние кои го отфрлаат Неговиот пат за спасение и продолжуваат во својот грев.

Израелците сфатиле дека она што им се случувало ним било заради тоа што се побуниле против Господ и тие повикале кон Мојсеј.



*Додај ја фигурата МЛ1 (Мојсеј).*

"Згрешивме!"

"Побарај од Господ да ги отстрани змиите!"

ЦВН Дали некогаш си Му кажал на Бог, "Згрешив, те молам прости ми"?

Ако знаеш дека си виновен оти одиш против Божјите патишта, кршејќи ги Неговите закони, со работите што ги правиш и кажуваш и дури и мислиш, тогаш ти е потребно Неговото простување.

Дали Бог би обрнал внимание на Мојсеевите молби во име на израелскиот народ? Да, Бог ги слушнал и Тој му кажал на Мојсеј што да направи, така што оние кои биле каснати од змии можеле

да бидат спасени. Изгледало многу чудно!

Господ рекол, "Направи змија од бронза. Стави ја на столб во пустината и оние кои ќе бидат каснати од змија, ќе останат живи ако погледнат во бронзената змија."

Многу, многу, многу години подоцна еден човек по име Никодим дошол кај Господ Исус. Тој сакал да знае како може да се спаси. Тој не бил каснат од змија, но како и секој од нас му бил непослушен на Бог. Тој згрешил и му било потребно да се спаси од казната што ја заслужувал неговиот грев.

Слушнете што рекол Господ Исус.

*Прочитај Јован 3:14–15.*

"И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така треба да биде издигнат Синот Човеков, та секој кој верува во Него да има вечен живот."

*ЦВН* Кога Господ му наредил на Мојсеј да подигне бронзена змија во пустината, така што оние кои ќе погледнат во неа ќе бидат спасени од смрт, Тој дал една прекрасна слика на Неговиот план да ги спаси мажите и жените и момчињата и девојчињата од нивниот грев. Неговиот драгоцен Син, Господ Исус Христос требал да биде издигнат на крст. Единствениот Кој немал грев требало да страда во агонија на тој немилосрден крст наместо нас. Прекрасната добра вест е дека Христос платил за сиот наш грев преку Неговата смрт, и на третиот ден Тој воскреснал од гробот. Исус е жив денес, и што му кажал на Никодим?

"Секој (тоа значи и ти) кој верува во Него да не загине, туку да има вечен живот."

Мојсеј го послушал Господ. Направил бронзена змија, ја ставил на столб, и ја поставил во пустината. И што направиле луѓето од Израел?



*Постави ја фигурата МЛ52 (столбот со змијата).*

Дали некои рекле, "Не денес, можеби другпат ќе погледнам во змијата?"

Дали други пак рекле, "Погледнете во змијата на столбот? Никогаш! Што тоа ќе промени?"

Не знам баш дали имало такви луѓе. Сигурно никој не бил толку глуп!

Си претставувам дека оние кои биле каснати сфатиле дека Бог им дал начин за да можат да се спасат и дека ова била нивната единствена надеж.

Можеби пријателите или некој од семејството им помагале, но тие знаеле дека требало само да стигнат до местото каде што можеле да погледнат во змијата на столбот и да бидат спасени.

*ЦВН* Момчиња и девојчиња, ако сте сфатиле дека сте згрешиле против Бог и дека ви е потребно да се спасите, тогаш не одложувајте. Дојдете на Божјиот пат денес, токму сега. Погледнете во Господ Исус Христос, верувајте во Него со целото свое срце, само Тој може да ве спаси. Сетете се на Исусовите зборови:

"И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така треба да биде издигнат Синот Човеков, та секој кој верува во Него да има вечен живот." ( Јован 3:14–15 ).

## ***Повторување***

1. Кои се некои од работите за кои Израелците требало да Му благодарат на Бог? (за времето кога Бог им давал вода од карпата, Неговото присуство во облакот, Божјото Слово на двете камени плочи, заштитата од непријателите, ветувањето за добрата земја.)

2. За што можеш да Му благодариш на Бог? (Облеката, домовите, семејствата,

Библијата, Неговиот Син.)

3. Како Израелците згрешиле против Бог? (Тие се побуниле.)

4. Што рекле за лебот што Бог им го обезбедувал? ("Ни се згади ова бедно јадење.")

5. Кога се бунииш, што правиш? (Грешиш.)

6. Како Бог ги казни Израелците? (Отровни змии го нападнале логорот, многу луѓе биле каснати.)

7. Што викале Израелците кон Мојсеј? ("Згрешивме! Побарај од Бог да ги отстрани змиите!")

8. Какви упатства му даде Господ на Мојсеј? (Направи бронзена змија. Стави ја на столб во пустината и оние кои биле каснати од змија требало да погледнат во бронзената змија и ќе останеле живи.)

9. Како била змијата претслика на она што требало да Му се случи на Господ Исус? (Тој требало да биде издигнат на крст, за да можеме ние да се спасиме.)

10. Што треба да направиш за да се спасиш? (Погледни во Господ Исус. Верувај во Него со целото твое срце.)

# Шеста лекција
## Мојсеј и преобразувањето

## *Предлози за учителите*

Поучувај ја шестата лекција понапред во твојата програма. Придржувај се на ова за време на славењето, фокусирајќи се на Божјата добрина.

1. Избери песни кои зборуваат за Божјата добрина.
2. Користи постери или фотографии за да прикажеш некој доказ на Божјата добрина – пр. една слика која ја прикажува убавината на созданието, фотографии од семејства, итн. Потсети ги децата дека најголемиот доказ за Божјата добрина е Неговиот дар за спасение преку Господ Исус Христос.
3. Одвој време за молитва. Охрабри ги децата да искажуваат молитви со една реченица, славејќи Го и благодарејќи Му на Бог за Неговата добрина спрема нив.
4. Обезбеди им на децата мали тетратки кои ги содржат ветувањата кои се разгледани во лекцијата, што ја покажуваат Божјата добрина. По избор, доколку времето дозволува направи го ова во клубот Добра Вест. Охрабри ги децата да ги додадат ветувањата кои самите ќе ги пронајдат во нивното лично тивко време.

### Библиски текст

Броеви 27:12–23
Второзаконие 31:1–8, 11–12
Второзаконие 34
Лука 9:28–36

### Централна вистина

Бог е добар.

### Примена

| | |
|---|---|
| За неспасени деца: | Бог во Неговата добрина го дал Својот Син за тебе. Ти треба да веруваш во Него. |
| За спасени деца: | Препознај ја Божјата добрина кон тебе. Тој ти дал тебе христијански водачи, Неговите ветувања, Небо, итн. |

### Визуелни помагала

- Фигури МЛ1–2, МЛ6, МЛ26, МЛ37–38 и МЛ53–61
- Светилиштето и облакот од дополнителните слики
- Планинска позадина по избор

### Стих за учење напамет

"Зашто Господ е добар, Неговата милост е довека" (Псалм 100:5а).

## *Преглед на лекцијата*

### Вовед

"Четириесет години поминале откако луѓето од Израел го напуштиле Египет..."

### Развој на настаните

1. Божјата добрина кон Израел за време на четириесетте години во дивината.
2. Мојсеј се моли за водач на народот.
3. Бог му кажува на Мојсеј да го назначи Јошуа. ЦВС
4. Божјите ветувања за луѓето од Израел и за Јошуа. ЦВС
5. Мојсеј се качува на планината Нево и ја гледа ветената земја.
6. Мојсеј умира. ЦВСН
7. Господ Исус ги одведува Петар, Јаков и Јован на планината да се моли.

### Кулминација

Господ Исус е преобразен. Мојсеј и Илија се појавуваат и зборуваат со Него. ЦВСН

Учениците се пробудуваат. Петар сака да направи три шатори.

### Заклучок

Облак ги засенува нив. Бог зборува.

## *Лекција*

Четириесет години изминале откако луѓето од Израел го напуштиле Египет. Тоа е долго време, многу подолго отколку што си живеел ти! Многу подолго отколку што многумина од вашите мајки и татковци живееле досега! За време на сите тие години Бог никогаш не го

изневерил Неговиот народ. Повторно и повторно Израелците гледале дека нивниот Бог бил добар.

*Прашај ги децата за примери.*

Мојсеј живеел повеќе од четириесет години. Можеш ли да му ги пресметаш годините? Тој поминал четириесет години во Египет, четириесет во Медиам и четириесет во дивината.

*Постави ја фигурата МЛ1 (Мојсеј).*

Мојсеј знаел дека тој никогаш нема да влезе во земјата која Бог ја ветил на Израел. Зошто?

*Охрабри ги децата да одговорат.*

Тој знаел дека наскоро ќе умре и бил загрижен за Израелците. Што ќе им се случело без водач? Мојсеј се молел:



*Замени ја фигура МЛ1 со МЛ37 (Мојсеј) пред светилиштето и облакот од дополнителните слики.*

"Избери водач за твојот народ. На твојот народ му е потребен некој да го води, како што пастирот го води своето стадо."



*Замени ја фигурата МЛ37 со МЛ1–2 и МЛ38 (Мојсеј и Израелците).*

Бог му одговорил на Мојсеј, "Одведи го Јошуа пред Елеазар и пред целиот народ. Кажи му на Јошуа, 'Бог те избра тебе да ги водиш луѓето.' Кога Израелците ќе те чујат, тие ќе му бидат послушни на Јошуа."

Колку е добар Бог. И покрај голем број пати кога луѓето од Израел Му биле непослушни и се бунтувале против Него, Бог ги љубел и Тој имал водач за нив.



*Додај ги фигурите МЛ26 и МЛ53 (Јошуа и Елеазар).*

*ЦВС* Исто како што на Израелците им требало некој да ги води по Божјите патишта, истото е потребно и за момчињата и девојчињата кои се Христијани денес. Потребни ти се луѓе кои ќе ти помогнат да го запознаеш Божјиот пат во твојот живот.

Сети се, ти имаш непријател кој сака да одиш по лошиот пат. Сатаната има многу начини со кои се обидува да те застрани од Божјиот план за твојот живот. Тој може да користи телевизиски програми, весници, дури и твои пријатели за да те охрабри да размислуваш и правиш работи кои не се по Божја волја.

Бог Кој е толку добар, ти дал водачи. Учителите во Неделното училиште, проповедниците, мисионерите и учителите во клубот Добра Вест можат да ти помогнат во христијанскиот живот. Слушај го она што тие го кажуваат, обрни внимание на нивниот совет, следи го нивниот пример.

Што знаеш ти за Јошуа?

*Дозволи им на децата да одговорат.*

Јошуа ќе биде добар водач. Слушни ги зборовите што Бог му ги дал на Мојсеј за луѓето.

*Прочитај Второзаконие 31:6*

"Охрабрете се и бидете решителни! Не бојте се и не плашете се од нив (луѓето од Ханаан)! Та Самиот Господ, твојот Бог, доаѓа со тебе; не ќе те напушти ниту ќе те остави."

Тогаш Мојсеј Му го кажал Божјото Слово на Јошуа.

*Прочитај Второзаконие 31:7–8.*

"Охрабри се и биди решителен! Зашто ти ќе

одиш со овој народ во земјата за која Господ им се заколна на нивните татковци, дека ќе им ја даде; ти ќе им ја разделиш во наследство. Самиот Господ врви пред тебе; Тој ќе биде со тебе; не ќе испушти ниту ќе те остави. Не бој се и не трепери!"

Колку добар беше Бог што им ги даде овие зборови на ветување и охрабрување за Јошуа и народот.

*ЦВС* Колку добар е Бог кон Неговите чеда денес. Додека го читаме Неговото Слово, Библијата, откриваме многу ветувања. Ајде да погледнеме некои.

Со поголемите деца користи игра со која самите ќе можат да ги најдат следниве стихови. Ако групата ти е составена од помали деца, илустрирај некои од стиховите соодветно.

**Јован 3:36а**
"Кој верува во Синот, има вечен живот..."

**Јован 10:27–28**
"Моите овци го слушаат Мојот глас, Јас ги познавам и тие одат по мене. Јас им давам вечен живот и никогаш нема да загинат и никој нема да ги отме од Мојата рака."

**Псалм 32:8**
"Ќе те учам, ќе ти го покажам патот по кој треба да одиш, ќе те советувам, Моето око ќе бдее над тебе."

**Евреите 13:5б**
"Никогаш нема да те напуштам, ниту ќе те заборавам."

*Размислете за децата кои се христијани во вашата група. Во кои области им е потребно охрабрување? Можеби мислиш дека сакаш да користиш други стихови кои ќе бидат поприменливи за нивните потреби.*

Колку е добар Бог спрема нас! Колку добар бил Бог спрема луѓето од Израел! Колку добар бил Бог спрема Мојсеј!

Мојсеј ги потсетил луѓето да го слават Бог и да Му бидат послушни, и потоа ги напуштил за да се искачи сам на планината Нево.



*Отстрани ја фигурата МЛ1. Додај ја фигурата МЛ6 (Мојсеј).*

Од планината Бог му ја покажал на Мојсеј прекрасната ханаанска земја од север до југ, од исток до запад. Нели Бог бил добар што му дозволил на Мојсеј да ја види земјата тој ден!

Мојсеј никогаш не слегол од планината. Тој умрел на планината Нево. Кој го погребал Мојсеј? Библијата ни кажува дека немало човек со него, но самиот Бог го погребал Мојсеј! (Второзаконие 34:6.)

Мојсеј никогаш не влегол во ханаанската земја, но Мојсеј е на Небо каде што е далеку, далеку подобро отколку во која било земја во светот.

*ЦВС* Ако го познаваш Господ Исус за свој Спасител, дали те радува да знаеш дека Бог подготвува таму место за тебе. Слушни што рекол Господ Исус.

*Прочитај Јован 14:2*

"Во Домот на Мојот Татко има многу места за живеење; ако не беше така, Јас ќе ви кажев. Одам да ви приготвам место."

*ЦВН* Можеби не си радосен. Можеби се плашиш, бидејќи не го познаваш Господ Исус како свој Спасител. Сети се на ветувањата за кои претходно размислувавме. Се сеќаваш ли што вели Јован 3:36а?

"Кој верува во Синот, има вечен живот..."

Ние не заслужуваме ништо од Бог, освен Неговата казна за нашиот грев. Во својата добрина Бог направил пат за да може да ни биде простено и мене и тебе. Господ Исус Христос, Божјиот безгрешен Син, платил за нашиот грев со Неговиот живот. Денес, сега, овој момент, ако се потпреш на Него

со целото свое срце, Божјото ветување е дека ти ќе имаш вечен живот.

Многу, многу стотици години по смртта на Мојсеј, Господ Исус зел со себе тројца од Неговите ученици – Петар, Јаков и Јован – горе на планината да се моли. Но набргу учениците заспале.



*Отстрани ги сите фигури. Постави ги фигурите МЛ54 – 57 (Исус и заспаните ученици).*

Додека Исус се молел Неговото лице светело како сонцето! Неговата облека блескала во светлина! Изгледало како славата која Тој ја имал на Небо, сега да била на земјата.



*Отстрани ја фигурата МЛ54. Додај ги фигурите МЛ58 – 60 (Исус, Мојсеј и Илија).*

Одеднаш Мојсеј заедно со Илија, еден друг човек кој бил на Небо со Бог, застанал со Исус на планината. Каде биле тие? Во Ханаанската земја! Каква посебна чест имал Мојсеј да биде со Исус, Божјиот Син, во ветената земја! Колку добар е Бог!

Таму на планината Мојсеј и Илија биле привилегирани да зборуваат со Господ Исус за најважниот настан што кога да било требало да се случи. Што било тоа? Тие зборувале за смртта на Господ Исус Христос на крстот.

*ЦВСН* Нели е прекрасно! Бог, Синот, го напуштил Небото и дошол на овој свет да страда и умре како криминалец на еден немилосрден Римски крст за грешници како Израелците, како тебе, како мене! Бидејќи Тој умрел и воскреснал, гревот, Сатаната и смртта биле поразени. Поради Неговата смрт ние можеме да се спасиме. Без Неговата смрт не би имало надеж, само сигурност за казна на нашиот грев.

*ССР* Можеби ти навистина сакаш да побараш од Господ Исус да те спаси, но не си сигурен за некои работи. Ќе ми биде мило да ти помогнам од Библијата. Дојди да зборуваш со мене кога ќе заврши часот. Јас ќе стојам крај масата (или означи некое друго згодно место).

Колку добар бил Бог спрема Мојсеј, штом можел да биде со Господ Исус на планината. Дали препознаваш колку добар бил Бог кон тебе? Ти ја имаш привилегијата да ги чуеш сите овие прекрасни вистини од Библијата. Има милиони во светот кои не знаат ништо за Исус!

Додека Мојсеј и Илија биле на заминување, тројцата ученици се разбудиле.

*Отстрани ја фигурата МЛ55 (заспаните ученици). Додај ја фигурата МЛ61 (разбудените ученици.)*

Замислете си ја нивната изненаденост и страв! Петар, незнаејќи што да каже, прашал дали ќе може да постави три шатори на планината – еден за Исус, еден за Мојсеј, еден за Илија. Но одеднаш облак ги засенил и Бог прозборел од облакот, "Овој е Мојот возљубен Син. Него слушајте Го!"



*Отстрани ги фигурите МЛ59 и МЛ60 ( Мојсеј и Илија ).*

Кога облакот исчезнал, учениците го виделе само Господ Исус. Колку добар бил Бог кон нив штом тие требало да видат и чујат вакви прекрасни работи. Нашиот Бог е добар!

Псалм 100:5 "Зашто Господ е добар; Неговата милост е довека."

## *Повторување*

На шарен плакат (постер), кој ти служи како табла, направи два вертикални столба од по шест блокови. На дното од секој столб напиши "Египет". На врвот од секој столб напиши го името "Дома". Подели ја групата во два тима. Штом детето од било кој тим точно го одговори прашањето, тој ќе се придвижи од "Египет" кон "дома". Користи две иглички во облик на знаменца како одбележувачи. Тимот кој прв ќе стигне "дома", победува.

1. Колку време луѓето од Израел поминале во дивината? (Четириесет години.)
2. Колку години бил Мојсеј кога тие стигнале до границите на ветената земја? (120 години.)
3. Зошто Бог му кажал на Мојсеј дека тој не може да оди во Ханаан? (Мојсеј Му бил непослушен на Бог со тоа што удрил во карпата.)
4. Што побарал Мојсеј од Господ да им даде на луѓето од Израел? (Нов водач.)
5. Кого Бог избрал за таа задача? (Јошуа.)
6. Зошто на момчињата и девојчињата кои се христијани им се потребни водачи? (Да ги поучуваат и да им го покажат Божјиот пат за нивните животи.)
7. Дополни ја оваа реченица: "....... се и биди ......... ." Од второзаконие 31:7. (Охрабри, одлучен.)
8. Дополни ја оваа реченица: "Самиот Господ врви пред тебе; Тој ќе биде со тебе; не ќе те ................. ниту ќе те ................ ." Од второзаконие 31:8. (Испушти, остави.)
9. Што Мојсеј имаше можност да види од планината Нево? (Ветената земја.)
10. Што беше посебно за смртта на Мојсеј? (Бог го погреба него).
11. Кој се појавил со Господ Исус при Неговото преобразување на планината? (Мојсеј и Илија.)
12. Мојсеј и Илија зборувале со Господ Исус за Неговата смрт. Зошто била толку важна Неговата смрт? (Само преку Неговата смрт, ние можеме да се спасиме.)

# Примероци за доплнителните слики

Измери и фотокопирај ги примероците (шемите) да одговараат со големината на твојата фланелографска табла, а потоа прецртај ги на фланел.

**Карпа како дополнителна слика – Првата и четвртата лекција**



**Вода како дополнителна слика – Првата и четвртата лекција**



**Огнен облак – дополнителна слика – Првата лекција**
**Облак во бура – дополнителна слика – Првата лекција**

Овој примерок (шема) може да се користи така што облакот во бура во Првата и втората лекција и огнениот облак во Првата лекција, бојадисајте ги секој од нив соодветно.



**Светилиште и облак – дополнителни слики – Третата, четвртата и шестата лекција.**

